**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-754/7**
**Скопје, 27.12.2007 година**

**До**

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Основен суд Кавадарци, сметка приходи наплатени од органи, кои се прикажани на страните од 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Кавадарци сметка приходи наплатени од органи за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Д-р Лазар Нанев, Претседател на Основен суд Кавадарци

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија од 22.10.2007 до 24.10.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната

ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти***

10.1.1. Не е изработен Преглед на изречените и наплатени парични казни, трошоците за постапка и пленување на имотна корист, како прилог кон завршната сметка, спротивно на член 338 од Судскиот Деловник. Некомлетноста на завршната сметка придонесува Основниот суд да не располага со податоци за степенот на наплатливост на изречените и наплатените парични казни, со што постои можност за нивно застарување и неможност за нивна наплата.

**Препорака:**
Изработката на Прегледот на изречените и наплатените парични казни, трошоците за постапка и пленување на имотна корист, да е составен дел на завршната сметка на судот.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Кавадарци – сметка приходи наплатени од органи под 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за наодот изнесен во точката 10.1, кај Основен суд Каварадци остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции на сметката приходи наплатени од органи кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 21.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Основен суд Кавадарци**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,740 | 1,555 |
| **Вкупно приходи** | **1,740** | **1,555** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1,349 | 1,095 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,349** | **1,095** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **1,349** | **1,095** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **391** | **460** |

**Основен суд Кавадарци**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 391 | 460 |
| **Вкупно тековни средства** | **391** | **480** |
| **Вкупна актива** | **391** | **480** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 391 | 460 |
| **Вкупно тековни обврски** | **391** | **480** |
| **Вкупна пасива** | **391** | **480** |